ПЕРК

Пелагониска Ревизорска Куќа

- ЈПВ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС -

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА 4

БЕЛЕШКИ 9

Додатоци

Додаток 1 – Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето

Додаток 2 – Годишна сметка (Извештај за финансиска состојба и Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4, втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:

ЈПВ Лисиче Велес

ул. „Вардарска“ бб

Велес

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Друштвото ЈПВ Лисиче Велес (во понатамошниот текст: „Друштвото“), коишто ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2024 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината, Извештајот за паричните текови за годината која завршува тогаш, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или на грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои се применуваат во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измама или на грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

Основи за мислење со резерва

Како што е наведено во БЕЛЕШКА 6 – Останати приходи, БЕЛЕШКА 13 – Финансиски расходи и БЕЛЕШКА 24 – Долгорочни обврски приложени кон финансиските извештаи на Претпријатието, на позицијата останати приходи ЈПВ Лисиче има признаено приходи кои се однесуваат на примени дотации од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во вкупен износ од 21.508 илјади денари, кои всушност ги претставуваат исплатените рати по долгорочниот кредит кон Credito Oficial Шпанија во износ од 20.743 илјади денари и исплатените камати во износ од 765 илјада денари од страна на МЗШВ во име на ЈПВ Лисиче Велес. Од друга страна за износот на овие признаени приходи ЈПВ Лисиче признало расходи за камата во износ од 765 илјада денари и намалување на обврските по долгорочниот кредит во износ од 20.743 илјади денари.

Ваквото прикажување не е во согласност со барањата на сметководствените стандарди кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија, особено со МСС 1 - Презентирање на финансиските извештаи и МСС 20 – Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош.

ЈПВ Лисиче Велес се повикува на точка 20 б од МСС 1 во која се вели дека ентитетот отстапува од некое барање определено со стандардите заради постигнување на објективна презентација, односно постигнување на презентација која ја одразува суштината на настаните и трансакциите а не само формата (правна или законска). Исто така се повикува на точка 12 од МСС 20 каде државните подршки треба да бидат признаени во добивката или загубата на системска основа. Согледувајќи ја реалната финансиска состојба и приходите кој ги остварува ЈПВ Лисиче Велес, МЗШВ од 2005 година па наваму, ја презема обврската во името на ЈПВ Лисиче Велес да го исплаќа кредитот кон кредитодавателот, при што за секоја исплата изготвува соодветно решение а сето ова поради фактот што Претпријатието не остварува доволно приходи, прашање е дали и во догледна иднина може да оствари такви приходи со кои самото би можело да го отплаќа долгорочниот кредит. Согласно со преамбулата 3 од Договорот за начинот на искористување на кредитот склучен помеѓу Instituto De Credito Official од Кралството Шпанија и Министерството за финансии на Република Македонија каде како краен корисник се јавува Претпријатието, е наведено дека по ставање во функцијата на ХС „Лисиче" (кое е делумно завршено без втората и третата фаза од хидросистемот), е потребно ЈПВ Лисиче - Велес да ги обезбеди средствата од сопствени извори за враќање на кредитот кон Insituto De Credito Offical од Кралството Шпанија.

На мислење сме дека, заради целосно почитување на сметководствените стандарди кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија, потребна е измена и дополнување на Договорот за начинот на искористување на кредитот во насока на усогласувања кои би одговарале на тековните настани и состојби.

Мислење со резерва

Според нашето мислење, освен за можните ефекти наведени во прашањето на кое се укажува во пасусот основи за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈПВ Лисиче Велес на 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Останати прашања

Финансиските извештаи на Друштвото во претходната 2023 година беа ревидирани од страна на друго ревизорско друштво при што беше издадено квалификувано мислење за истите.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Менаџментот на Претпријатието е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работењето во согласност со член 23 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996 ... 208/24) и во согласност со член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 ... 272/24).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010 ... 83/2018) е да известиме дали годишниот извештај за работењето е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи на и за годината која што завршува на 31 декември 2024. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работењето е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во

годишниот извештај за работењето се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ЈПВ Лисиче Велес за годината која завршува на 31 декември 2024.

Прилеп, 24.04.2025

Пелагониска Ревизорска Куќа

ДООЕЛ Прилеп

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител

Пецко Ристески

Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година
во согласност со барањата на
сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија
за ЈПВ Лисиче Велес

- **Извештај за сеопфатна добивка**
- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за промени во главнината**
- **Извештај за паричните текови**

Овие финансиски извештаи се усвоени на ден 12.03.2025 година со Одлука бр. 02-163/3 и потпишани од директорот Ванче Маневски како и од одговорниот сметководител Ѓорѓи Аврамов.

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
на ЈПВ Лисиче Велес
за годината која завршува на 31 декември 2024 година

	Белешки	31 декември 2024 во (000) МКД	31 декември 2023 во (000) МКД
Приходи од работењето			
Приходи од продажба	5	26.721	22.319
Останати приходи	6	24.049	24.211
Вкупно приходи од работењето		**50.771**	**46.529**
Промена на вредноста на залихите на готовите производи и на недовршеното производство		-	-
Капитализирано сопствено производство и услуги		-	-
Расходи од работењето			
Трошоци за суровини и други материјали	7	2.108	2.083
Набавна вредност на продадени стоки		-	-
ситен инвентар, амбалажа и автогуми		-	-
Услуги со карактер на материјални трошоци	8	3.334	2.996
Останати трошоци од работењето	9	1.839	1.825
Трошоци за вработените	10	18.292	16.335
Амортизација на материјални и нематеријални средства	11	62.074	62.039
Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства	12	49	2
Резервирања за трошоци и ризици		-	-
Останати расходи од работењето		-	-
Вкупно расходи од работењето		**87.696**	**85.278**
Финансиски приходи		-	-
Финансиски расходи	13	902	1.005
Удел во добивката/загуба на придружените друштва		-	-
Добивка/Загуба од редовното работење	**14**	**(37.827)**	**(39.755)**
Нето добивка/загуба од прекинати работења		-	-
Добивка/Загуба пред оданочување	**14**	**(37.827)**	**(39.755)**
Данок на добивка	15	-	-
Одложени даночни приходи/расходи		-	-
Нето добивка/загуба за деловната година	**16**	**(37.827)**	**(39.755)**
Останата сеопфатна добивка		-	-
Останата сеопфатна загуба		-	-
Вкупна сеопфатна добивка/загуба за годината	**17**	**(37.827)**	**(39.755)**
Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво		-	-
Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на неконтролираното учество		-	-

ЈПВ Лисиче Велес
Директор
Ванче Маневски

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на ЈПВ Лисиче Велес
за годината која завршува на 31 декември 2024 година

	Белешки	31 декември 2024 во (000) МКД	31 декември 2023 во (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	18	198	264
Материјални средства	19	2.949.495	3.011.137
Вложувања во недвижности		-	-
Долгорочни финансиски средства		-	-
Вкупно нетековни средства		**2.949.693**	**3.011.401**
Тековни средства			
Залихи	20	2.879	2.928
Побарувања од поврзани друштва		-	-
Побарувања од купувачи	21	10.931	8.184
Побарувања за дадени аванси на добавувачи		-	-
Побарувања од државата по основ на даноци		-	-
Побарувања од вработените	21	42	126
Останати краткорочни побарувања		-	-
Краткорочни финансиски средства		-	-
Парични средства и парични еквиваленти	22	2.991	1.512
Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи		-	-
Вкупно тековни средства		**16.843**	**12.750**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**2.966.535**	**3.024.152**
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ			
Главнина и резерви	**23**		
Основна главнина		2.932.869	2.932.869
Премии на емитирани акции		-	-
Ревалоризациска резерва		-	-
Резерви		-	-
Акумулирана добивка		233.772	273.527
Пренесена загуба		(390.245)	(390.245)
Добивка за деловната година		-	-
Загуба за деловната година		(37.827)	(39.755)
Вкупно главнина и резерви		**2.738.569**	**2.776.396**
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци		-	-
Долгорочни обврски	**24**	**226.675**	**247.282**
Одложени даночни обврски		-	-
Тековни обврски	**25**		
Краткорочни обврски спрема поврзани друштва		-	-
Краткорочни обврски спрема добавувачи		1.086	361
Обврски за аванси, депозити и кауции		-	-
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци		-	-
Обврски спрема вработените		0	0
Тековни даночни обврски		57	51
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		-	-
Обврски по заеми и кредити		-	-
Обврски по основ на учество во резултатот		-	-
Останати финансиски обврски		-	-
Останати краткорочни обврски		149	61
Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди		-	-
Вкупно тековни обврски		**1.291**	**474**
Вкупно обврски		**227.967**	**247.756**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**2.966.535**	**3.024.152**

ЈПВ Лисиче Велес
Директор
Ванче Маневски

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
на ЈПВ Лисиче Велес
за годината која завршува на 31 декември 2024 година

ОПИС	Состојба на 31 декември 2023 година (во 000 МКД)	Зголемување (во 000 МКД)	Намалување (во 000 МКД)	Состојба на 31 декември 2024 година (во 000 МКД)
Основна главнина	2.932.869	-	-	2.932.869
Реваloризациска резерва	-	-	-	-
Резерви	-	-	-	-
Акумулирана добивка	273.527	-	(39.755)	233.772
Пренесена загуба	(390.245)	-	-	(390.245)
Дивиденди	-	-	-	-
Добивка за финансиската година	-	-	-	-
Загуба за финансиската година	(39.755)	-	1.928	(37.827)
Вкупно главнина и резерви	**2.776.396**	**-**	**(37.827)**	**2.738.569**

ОПИС	Состојба на 31 декември 2022 година (во 000 МКД)	Зголемување (во 000 МКД)	Намалување (во 000 МКД)	Состојба на 31 декември 2023 година (во 000 МКД)
Основна главнина	2.932.869	-	-	2.932.869
Реваloризациска резерва	-	-	-	-
Резерви	-	-	-	-
Акумулирана добивка	311.800	-	(38.274)	273.527
Пренесена загуба	(390.245)	-	-	(390.245)
Дивиденди	-	-	-	-
Добивка за финансиската година	-	-	-	-
Загуба за финансиската година	(38.274)	(1.481)	-	(39.755)
Вкупно главнина и резерви	**2.816.150**	**(1.481)**	**(38.274)**	**2.776.396**

ЈПВ Лисиче Велес
Директор
Ванче Манчевски

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
на ЈПВ Лисиче Велес
за годината која завршува на 31 декември 2024 година

	31 декември 2024 во (000) МКД	31 декември 2023 во (000) МКД
I. Готовински тек од оперативни активности		
Нето добивка/загуба пред оданочување	(37.827)	(39.755)
Усогласување за:		
Амортизација на основни средства	62.074	62.039
Приходи/расходи од камати нето	765	854
Добивка пред промени во работен капитал	**25.012**	**23.138**
Зголемување/намалување на тековните средства		
Залихи	49	(58)
Побарувања од поврзани друштва	-	-
Побарувања од купувачи	(2.747)	(919)
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	-	-
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси	-	286
Побарувања од вработените	85	(98)
Останати краткорочни побарувања	-	-
Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи	-	-
Вкупно зголемување/намалување на тековните средства	**(2.613)**	**(789)**
Зголемување/намалување на тековни обврски		
Обврски спрема поврзани друштва	-	-
Обврски спрема добавувачи	724	(132)
Обврски за аванси, депозити и кауции	-	(6)
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести	-	-
Обврски кон вработените	-	-
Тековни даночни обврски	6	50
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва	-	-
Обврски по заеми и кредити	-	-
Обврски по основ на учество во резултатот	-	-
Останати финансиски обврски	-	-
Останати краткорочни обврски	88	61
Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди	-	-
Вкупно зголемување/намалување на тековни обврски	**818**	**(27)**
Прилив од камати	-	-
Платени камати	**(765)**	**(854)**
Данок на добивка	-	-
Вкупно нето готовина од оперативни активности	**22.452**	**21.468**
II. Готовински тек од инвестициски активности		
Материјални и нематеријални средства	(366)	(1.291)
Вложувања во недвижности	-	-
Долгорочни финансиски средства	-	-
Краткорочни финансиски средства	-	-
Вкупно нето готовина од инвестициски активности	**(366)**	**(1.291)**
III. Готовински тек од финансиски активности		
Главнина и резерви	-	-
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци	-	-
Долгорочни обврски	(20.607)	(20.599)
Одложени даночни обврски	-	-
Вкупно нето готовина од финансиски активности	**(20.607)**	**(20.599)**
Вкупно нето пораст/намалување на готовината	**1.479**	**(422)**
Готовина на почетокот од годината	**1.512**	**1.934**
Готовина на крајот од годината	**2.991**	**1.512**

ЈПВ Лисиче Велес
Директор
Ванче Маневаски

БЕЛЕШКИ

КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА

ЈПВ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2024

БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ЈПВ Лисиче Велес (во понатамошниот текст: „Претпријатието“) е основано со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 23-4371/1 од 24.07.2001 година која е објавена во Службен Весник на РМ. бр.66/2001 со број на регистарска влошка 020421871-7-09-00, а е запишано во Трговскиот регистар на Основен Суд Скопје 1 – Скопје со решение бр. 2979/2001 од 05.10.2001 година и дополнување на Одлуката за основање на ЈП Лисиче – Велес од Владата на РМ бр. 51-3700/1 од 26.07.2011 година и објавена во Службен Весник на РМ. бр. 102/2011, каде покрај средствата за основање на Јавното претпријатие припаѓаат Акумулацијата „Младост“, браната „Отовица“ на акумулацијата Младост и главен цевковод со делничните цевководи.

Седиштето на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес е во Велес на ул. „Вардарска” бб.

Браната се наоѓа на локацијата во близина на селото Лисиче, Општина Чашка, на оддалеченост од 27 километри.

Основната дејност на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес според НКД рев. 2 е 36.00 – Собирање, обработка и снабдување со вода.

Согласно со основачкиот акт на Владата на Република Северна Македонија и Статутот на ЈПВ Лисиче, истото има повеќе дејности во работењето и тоа:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода;
- Искористување на водите за земјоделство;
- Производство на хидроелектрична енергија;
- Изградба на хидро градежни објекти;
- Проектирање;
- Вадење на чакал, песок и др.

И покрај гореспоменатите дејности, основната насока во работењето на Јавното претпријатие за водостопанство е доизградбата на Хидросистемот „Лисиче“ – Велес.

На ова јасно упатува и Решението на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 12-9753/1, според кое ЈП за водостопанство „Лисиче“ - Велес е основано со цел довршување на изградбата на Хидросистемот „Лисиче“ во Велес.

Хидросистемот „Лисиче“ – Велес е основано во 01.08.1991 година, од тогашното Собрание на Општина Титов Велес. По основањето Претпријатието продолжува со изградбата на браната. Претходно изградените објекти, филтер станица со капацитет од 300 м^3/секунда, цевковод со должина од 20 км и времен зафат на реката Тополка, останууваат во сопственост на Комуналното претпријатие „Дервен”, кое продолжува да ги стопанисува.

Во текот на своето постоење, ХС Лисиче претрпува три трансформации. Прво е регистрирано како Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче” Велес на 01.08.1991 година. На 07.07.2001 година ја претрпува втората промена. Според Законот за води, претпријатието е регистрирано како Јавно водостопанско претпријатие, ”Водостопанство на Македонија” - Скопје, Подружница „Лисиче” Велес. Третата трансформација е со Одлука на Владата на Р. Македонија од 24.07.2001 година со пререгистрација во ново Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче” – Велес, кое е наследник на двете претходни претпријатија.

Новоформираното претпријатие започна со работа од 01.11.2001 година со цел да се овозможи поефикасно водење на инвестицијата.

Во текот на 2009 година е направен технички прием на повеќе објекти од браната, со што е завршена првата фаза од Хидросистемот „Лисиче“, односно е завршена фазата за водоснабдување на градот Велес со вода за пиење.

Претпријатието е во државна сопственост, со организационен облик 03.9 – други јавни претпријатија. ЕМБС е 5546117 и ЕДБ 4004001112112.

По својата големина тоа претставува мал трговец (под 50 вработени и под 2 милиони евра годишен приход). Активностите на Претпријатието се одвиваат преку два сектора:

а) технички сектор и

б) економско финансов сектор.

Бројот на вработени во ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес во 2024 година изнесува 26, а во 2023 година Претпријатието имаше 27 вработени.

Со претпријатието управува Управен одбор којшто во согласност со Статутот на претпријатието брои 7 члена:

- Златко Крлев – претседател на Управен одбор;

- Бојан Смилески – член;
- Владимир Вељанов – член;
- Кире Богоевски – член;
- Благој Папазов – член;
- Насер Исмаили – член;
- Бејтула Јакупи – член.

За контрола на материјално финансиското работење постои Надзорен одбор составен од 3 члена:

- Љубица Мишкова – претседател;
- Силвана Трајчева – член;
- Аница Попов – член.

Членовите на двата одбора ги именува Владата на Република Северна Македонија.

Лице овластено за застапување на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес, согласно решението на Централниот Регистер на Република Северна Македонија е Ванче Маневски – директор со неограничено овластување.

БЕЛЕШКА 2. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Претпријатието го води сметководството и ги подготвува финансиските извештаи во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република Северна Македонија кои се објавени во Правилникот за водење на сметководството („Службен весник на РМ“ број 159/09/, 164/10 и 107/2011), притоа повикувајќи се на точка 20 б од МСС 1 во која се вели дека ентитетот отстапува од некое барање определено со стандардите заради постигнување на објективна презентација, односно постигнување на подобра презентација на суштината на настаните и трансакциите а не само на формата (правна или законска). Поради реалната финансиска состојба и приходите кој ги остварува ЈПВ Лисиче Велес, МЗШВ од 2005 година па наваму, ја презема обврската во името на ЈПВ Лисиче Велес да го исплаќа кредитот кон кредитодавателот, при што за секоја исплата изготвува и соодветно решение. Согласно со преамбулата 3 од Договорот за начинот на искористување на кредитот склучен помеѓу Instituto De Credito Official од Кралството Шпанија и Министерството за финансии на Република Македонија каде како краен корисник се јавува Претпријатието во која е наведено дека по ставање во функцијата на ХС „Лисиче” (кое е делумно завршено без втората и третата фаза од хидросистемот), е потребно ЈПВ Лисиче - Велес да ги обезбеди средствата од сопствени извори за враќање на кредитот кон Insituto De Credito Offical од Кралството Шпанија.

Заради почитување на барањата на сметководствените стандарди кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија, потребна е измена и дополнување на Договорот за начинот на искористување на кредитот во насока на усогласувања кои би одговарале на тековните настани и состојби. Истовремено потребна е соработка со МЗВШ и МФ како би се усогласиле трансакциите кои се вршат со одредбите од склучениот Договор. Во таа насока после доставувањето на извештајот на независниот ревизор и по доставувањето на предметниот материјал, од страна на ЈПВ Лисиче Велес е изготвен Акциски план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките дадени во извештајот на независниот ревизор со Предлог – одлуки, а по заклучок на Генералниот колегиум на државни секретари на 13-та седница одржана на 04.12.2024 година и по заклучокот од 22-та седница на Владата одржана на 24.09.2024 година каде е дадено задолжение за одржување на координативна средба помеѓу претставници на ЈПВ Лисиче – Велес, МФ, како и МЗШВ за изнаоѓање на најприфатливо решение за надминување на овој проблем. По одржаниот состанок помеѓу сите задолжени страни, доставен е целокупниот материјал до МФ и МЗШВ и истиот е во фаза на разгледување од нивна страна.

Во составувањето на овие финансиски извештаи Претпријатието ги примени сметководствените политики обелоденети подолу а кои се во согласност со сметководствената и даночната регулатива која важи во Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени според методот на набавна вредност како основа за мерење.

Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Претпријатието, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (000 МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат поединечни финансиски извештаи на Претпријатието.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Претпријатието ќе продолжи да работи и во иднина.

2.2. Основ за составување и презентирање на финансиските извештаи

При подготвување на финансиските извештаи Претпријатието применува сметководствени проценки за ставките кои не можат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања засновани на информации кои се последно расположливи. Во текот на работењето одредени проценки можат да се ревидираат како резултат на промени на околностите врз основ на кој биле засновани, промени во окружувањето или добиените нови информации и сознанија.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на недвижностите, постројките и опремата, обезвреднување на недвижностите, постројките и опремата, исправка на вредноста на побарувањата односно утврдување на нивната објективна вредност, вредносно усогласување (исправки) на залихите за да се сведат по нивната нето реализациона вредност и слично.

Ефектите од промена во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и/или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2.3. Претпоставка за неограничен континуитет во работењето

Финансиите извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето, односно дека Претпријатието ќе продолжи да работи во догледна иднина. Претпријатието нема намера ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење. Раководството смета дека не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Претпријатието.

2.4. Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРСМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Извештајот за добивка или загуба како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

2.5. Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве:

Валута	31 декември 2024	31 декември 2023
1 EUR	61,4950 ден.	61,4950 ден.
1 USD	58,8807 ден.	55,6516 ден.

2.6. Споредбени показатели

Финансиските извештаи се составени во согласност со принципот на историска набавна вредност. Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 Декември тековна и претходна година.

БЕЛЕШКА 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПОРЦЕНКИ

3.1. Нематеријални средства

Нематеријални средства се оние средства кои немаат физичка содржина но кои можат да се идентификуваат. Тие се:

- Дизајнирање и имплементација на нови процеси;
- Патенти и лиценци;
- Интелектуална сопственост;
- Развивање на пазарот и трговски марки;
- Компјутерски софтвер кој не е составен дел на хардверот;
- Авторски права;
- Франшизи.

Нематеријалните средства треба да се идентификуваат со цел јасно да се разграничат од гудвилот и тие почетно се мерат според нивната набавна вредност, а се признаваат само доколку:

- е веројатно дека идни економски користи ќе му се припишат на нематеријалното средство;
- набавната вредност на нематеријалното средството може веродостојно да се измери;

Корисниот век на нематеријалното средство се определува како ограничен и неограничен. Корисниот век на нематеријалното средство кој произлегува од договори и други законски права не треба да го надмине периодот на договорот и другите законски права.

Амортизацијата на нематеријалните средства со ограничен век на користење се пресметува врз основа на набавната вредност на нематеријалните средства и тоа по праволиниска метода на еднакви годишни износи во текот на предвидениот рок на употреба но најмногу до 5 години Амортизација на нематеријалните средства со неограничен век на користење не се пресметува.

Периодот на амортизација и методот на амортизација на нематеријалните средства со ограничен век на користење треба да се проверува и коригира најмалку еднаш годишно.

3.2. Материјални средства

3.2.1. Општа објава

Материјалните средства се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурираната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивно ставање во употреба.

Во трошоци за набавка на недвижности, постројки и опрема спаѓаат: фактурната вредност, царината и увозните давачки, даноците кои не може да се рефундираат, трошоците за транспорт, шпедитерското осигурување, у товар, растовар, трошоците за монтажа, трошоците за инсталирање и други трошоци кои може да му се припишат на вложувањето.

Дополнително, вложување во недвижности, постројки и опрема се капитализира, односно може да се смета за инвестиција и да се додаде на набавната вредност на оние средства на кои ќе се пресметува амортизација на преостанатиот проценет век на употреба само ако со тоа вложување:

- Се продолжува векот на употреба на основното средство;
- Се зголемува капацитетот;
- Се подобрува квалитетот на производот или значително се намалуваат трошоците на производство.

Раководството на Претпријатието верува дека објективната вредност на имотот, зградите и опремата со состојба на 31 декември 2024 година е приближна на нивната соодветна нето книговодствена вредност.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкција и подобрување, кои го менуваат капацитетот или намената на материјалните средства, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Материјалните средства во подготовка се искажуваат според вредноста на извршените вложувања до крајот на деловната година. Материјалните средства во подготовка се отпишуваат во целост кога Претпријатието ќе заклучи дека се откажува од таквото вложување.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на материјалните средства се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

3.2.2. Амортизација

Амортизација на земјиштето и инвестициите во тек не се пресметува.

Амортизација на материјалните средства се пресметува заради отпис на нивната набавна вредност. Претпријатието пресметува амортизација со примена на пропорционална метода. Применетите годишни стапки на амортизација доследно се применуваат како во претходните така и во тековната година и се усогласени со сметководствените политики на Претпријатието и изнесуваат:

	31 декември 2024	31 декември 2023
Недвижности	1 до 10%	1 до 10%
Деловен инвентар	5 до 10%	5 до 10%
Мебел, канцелариски инвентар	20%	20%
Компјутерска и телекомуникациска опрема	25%	25%
Транспортни средства, возила	10 до 25%	10 до 25%
Нематеријални средства	20%	20%

Во пресметката на амортизацијата се почитува принципот на конзистентност на стапките на амортизација и принципот на истоветност на исправката на вредноста на основните средства со трошокот за амортизација.

3.3. Вложувања во подружници

Вложувањата во подружници се евидентираат во финансиските извештаи на Претпријатието според нивната набавна вредност. За вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Претпријатието поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во другите друштва.

3.4. Вложувања во недвижности

Вложувања во недвижности (земјиште или згради) е кога Претпријатието како сопственик на вложувањата или корисник на финансиски лизинг ги држи заради остварување на приходи и тоа од издавање на недвижностите или заради зголемување на капиталот или заради едното и другото.

Вреднувањето на вложувањата во недвижности е по набавна вредност односно по цена на чинење.

Вреднувањето на вложувањата во недвижности и нивната набавка се искажува по набавна вредност или по цена на чинење, намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупната вредност на загубата заради обезвреднување, односно намалување на вредноста. Вреднувањето на вложувањата во недвижности по нивната набавка може да се врши по пазарна вредност. Добивката или загубата настаната поради промена на вредноста, се вклучува во нето добивката односно загубата на периодот.

3.5. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположливи за продажба се оние вложувања во долгорочни хартии од вредност кои се чуваат неограничен период но кои можат да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата расположливи за продажба се искажани по набавна вредност, односно според износот на паричните средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективна вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на извештајот за финансиската состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар истите се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација). Последователно сите вложувања кои се чуваат до доспевање се признаваат според амортизирана набавна вредност користејќи ја методата на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или

на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога акумулираната добивка, односно загуба која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата на периодот.

3.6. Долгорочни финансиски средства

Долгорочните хартии од вредност можат да бидат должнички (обврзници, варанти, фјучерси, опции и др.) и сопственички (обични акции и приоритетни акции). Од аспект на вложувањата хартиите од вредност се категоризираат:

- Хартии од вредност расположливи за продажба;
- Хартии од вредност кои се држат до доспевање за наплата; и
- Хартии од вредност со кои се тргува.

Промената на вредноста на хартиите од вредност кои се расположливи за продажба се вклучува во нето добивката или загубата на периодот во кој е настаната промената.

Хартиите од вредност кои се држат до доспевање за наплата се евидентираат по амортизирана набавна вредност, врз основа на ефективна каматна стапка, намалена за било кој отпис заради обезвреднување или не наплата.

Хартиите од вредност со кои се тргува се искажуваат по пазарна вредност, вклучувајќи ја нето добивката или загубата во периодот во кој настанува.

3.7. Обезвреднување на нефинансиски средства

Средства кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат, се предмет на годишна анализа заради можноста од нивно обезвреднување.

Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа заради можноста од нивно обезвреднување секогаш кога настаните или измените во деловните услови укажуваат на тоа дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност што укажува дека истите се обезвреднети. Загубата од обезвреднување се евидентира за износот за кои сегашната вредност на средството ја надминува вредноста на неговото повторно надоместување. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната вредност на средството, намалена за трошоците на продажба.

3.8. Залихи и отпис на ситен инвентар

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната односно од нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите до нивната сегашна состојба и локација и која ги вклучува и сите трошоци за набавка, трошоци за конверзија и други трошоци.

Нето реализационата вредност ја вклучува продажната цена, намалена за трошоците за приготвување на продажбата.

Намалување на вредноста на залихите се спроведува за време на редовниот годишен попис а врз основа на проценка за нивно оштетување, дотраеност и сл. Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот, вклучувајќи го и секое нивелирање по пат на отпис до нето реализационата вредност ако истата е пониска од набавната.

Отписот на ситниот инвентар се врши 100% при ставање на истиот во употреба.

3.9. Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции како и другите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемени за каматата во согласност со склучен договор. Намалување на вредноста на побарувањата се спроведува во периодот на осознавањето за неможноста за наплата на дел или на целото побарување од должникот.

Побарувањата по основ на продажба ги вклучуваат сите износи кои што се должат од страна на трети страни за извршените продажби. Сите побарувања по други основи се вклучуваат во останати побарувања.

Исправка за сомнителните и спорни побарувања се прави за оние побарувања за кои што постојат специфични ризици и кои се сметаат за не наплатливи. Индикатори за не наплатливост на побарувањата се доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај и сл. Сомнителните побарувања се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.10. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти се водат во извештајот за финансиската состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од денарска готовина во благајна и од денарски и девизни средства на сметки во банки.

Парите во благајна во денари се искажуваат во номинална вредност.

Висината на благајничкиот максимум се одредува со посебна одлука.

3.11. Платени трошоци за идни периоди (АВР)

Однапред платените трошоци за идните периоди се искажуваат како активни временски разграничувања и се преставуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причините за разграничувањето како и износите кои се однесуваат на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период а немаат елементи за да се искажат како побарувања, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документ врз основа на кој се стекнати побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

3.12. Долгорочни обврски

Долгорочните обврски се прикажуваат по нивната номинална вредност зголемена за каматите согласно склучените договори.

Долгорочните резервирање се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции и отпремнини. Обврските искажани во девизи се пресметуваат по средниот курс на НБРСМ на денот на изготвување на извештајот за финансиската состојба.

3.13. Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачите и останатите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Овие обврски се класифицираат како краткорочни доколку на датумот на изготвување на Извештајот за финансиската состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

Обврските кон доверителите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вон процесно порамнување.

3.14. Обврски по кредити

Сите обврски спрема трети лица за кои се плаќа камата се презентирани како финансиски обврски. Обврските со доспевање во рок подолг од една година се класифицираат како нетековни обврски, додека оние со рок на доспевање до една година како тековни обврски заедно со тековниот дел на долгорочните кредити (камати).

Долгорочните обврски по долгорочни заеми и кредити се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Долгорочните обврски по заеми и кредити од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на Извештајот за финансиската состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходите, односно расходите од финансирање.

3.15. Одложени плаќања на трошоци и приходи за идните периоди (ПВР)

Одложените плаќања на трошоците и приходите за идните периоди се искажуваат како пасивни временски разграничувања а се однесуваат на пресметани трошоци кои го товарат тековниот пресметковен период кои не се фактурирани, како и на однапред наплатените или пресметаните приходи во тековниот период кои се однесуваат на наредниот пресметковен период.

3.16. Резервирања

Резервации се признаваат кога Претпријатието има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан од која се очекува одлив на парични или други средства и кога износот на надоместокот со голема веројатност може да се предвиди. Резервирањата се евидентираат според нивната сегашна вредност на очекуваните трошоци потребни за надоместување на обврската. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намален за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.17. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минат настан чие што постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на Претпријатието. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат.

Неизвесно средство е можно средство кое произлегува од минат настан и чие што постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на Претпријатието. Неизвесно средство се признава само кога остварувањето на приходот е речиси сигурен.

3.18. Придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Претпријатието врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените се уплатуваат во соодветните пензиски фондови. Претпријатието нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќање на овие придонеси.

Претпријатието е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на нивното пензионирање. Претпријатието нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи смета дека сумата е незначителна за финансиските извештаи.

Претпријатието е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат од работа по основ на технолошки вишок, износ кој зависи од работниот стаж на вработениот, но најмногу до седум месечни просечни плати исплатени во Република Северна Македонија. Претпријатието нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи смета дека сумата е незначителна за финансиските извештаи.

3.19. Капитал

3.19.1. Основна главнина

Запишаниот капитал се искажува на посебна сметка во износ кој е запишан во Централниот регистар при основање од страна на Владата на Република Македонија.

3.19.2. Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Претпријатието е должно да издвои од добивката во тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 1/10 од основната главнина на Претпријатието. Доколку износот на оваа резерва не надминува 1/10 од вредноста на основната главнина, истата може да се употреби само за покривање на загубите.

3.19.3. Ревалоризациони резерви

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација. Во согласност со законските прописи салдото на ревалоризационата резерва се евидентира во рамките на капиталот и истото не претставува предмет на распределба.

3.20. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Претпријатието сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственост на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска од набавната, по сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Во текот на разгледуваниот период Претпријатието нема трансакции кои преставуваат финансиски наеми, при што истото не се јавува како наемател или наемодавател на такви средства.

Наемите кај кои значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од страна на наемодавателот, се класифицирани како оперативни наеми. Во евиденцијата на наемателите плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка на рамномерна основа за времетраењето на наемот. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во Извештајот за финансиската состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности. Во текот на разгледуваниот период Претпријатието нема трансакции кои преставуваат оперативен наем, при што истото не се јавува како наемател или наемодавател на такви средства.

3.21. Приходи од продажба и останати приходи

Приходите од продажба се признаваат кога ризиците и користите се пренесени на купувачот или кога услугите се извршени. Приходите од продажба се евидентираат намалени за даноците и попустите при продажбата.

Приходите од продажба на производи се признаваат кога ќе се исполнат во целост следните услови:

- на купувачот му се пренесени сите значајните ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на стоките. Претпријатието не задржува вистинска контрола врз продадените стоки;
- приходите може веродостојно да се измерат;
- веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив во Претпријатието;
- трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат; и
- соодветен доказ за трансакцијата постои.

Приходите од услуги се признаваат кога ќе се исполнат во целост следните услови:

- приходот може веродостојно да се измери;
- веројатно е дека Претпријатието ќе има прилив на економски користи;
- степенот на довршеност може веродостојно да се измери;
- трошоците на трансакцијата и за довршување на трансакцијата можат да се измерат; и
- соодветен доказ за трансакцијата постои.

Приходите кои произлегуваат од употреба на средства на Претпријатието од страна на други друштва со кои се заработуваат камати, тантиеми и дивиденди, треба да се признаат како приходи тогаш кога не постои значајна несигурност за нивното мерење и наплата.

3.22. Признавање на расходите

Признавањето на расходите се врши врз основа на следниве критериуми:

- Расходите имаат за последица да ги намалат средствата или зголемат обврските, при што е можно однапред да се пресметаат.
- Расходите имаат директна поврзаност помеѓу настанувањето на трошоците и одредените видови на приходи;
- Кога се очекува пристигнување на приходи во следниот пресметковен период, тогаш признавањето на расходите се извршува со постапка на разумна алокација на истите во пресметковниот период.
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период како трошок кој не остварува идна економска корист, а нема ниту услови да се признае како средство во Билансот на состојба.
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период, тогаш кога настанала обврската, а нема услови да се признае како имотна корист.

3.23. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датумот на Извештајот за сеопфатна добивка се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат независно дали се наплатени или не. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажби на хартии од вредност, приходи од камати и од курсни разлики.

- **Камати**: се признаваат на пресметковна основа за периодот на кои се однесуваат, имајќи го во предвид фактичкиот пренос на средствата.
- **Дивиденди**: за дивиденди кои не произлегуваат од вложувања евидентирани според методот на главнина, се признаваат кога ќе се утврдат правата на сопствениците за примање на истите.
- **Курсни разлики**: се признаваат за периодот на кој се однесуваат.
- **Капитални добивки**: се признаваат за периодот на кој се однесуваат.

3.24. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датум на Извештајот за сеопфатна добивка се прикажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи за камати, провизии и курсни разлики.

3.25. Данок на добивка

Во согласност со важечката законската регулатива во Република Северна Македонија, данок на добивка се плаќа на остварената добивка во тековната година како и на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи.

Претпријатието изготвува Даночен биланс, пресметува и плаќа данок на добивка по стапка од 10% на остварената добивка, на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи.

Данокот на добивка се состои од тековен и одложен данок. Тековниот данок на добивка се пресметува согласно законските прописи во РСМ. Одложениот данок на добивка е пресметан за временските разлики помеѓу даночната основица и сегашната вредност на средствата и обврските. Одложениот данок не се пресметува при почетно вреднување на средствата и обврските доколку во моментот на трансакцијата нема влијание врз даночната добивка или загуба. Одложениот данок се пресметува со примена на тековната даночна стапка. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики. Одложеното даночно средство е пресметано врз основа на веројатноста на постоење на идни оданочливи добивки кои ќе овозможат искористување на одложеното даночно средство.

3.26. Политика на попис

Состојбата на средствата се усогласува со фактичката состојба најмалку еднаш годишно и истата се утврдува со попис на 31 декември тековната финансиска година.

По исклучок од став 1 на овој член, попис може да се организира и како вонреден.

Пописот го врши комисија од три члена која ја именува директорот со посебна Одлука при што се применуваат одредбите на Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис. Пописот се врши заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

БЕЛЕШКА 4. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

4.1. Финансиски ризици и управување со истите

Претпријатието влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Претпријатието е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4.1.1. Ризик од промена на девизните курсеви

Претпријатието влегува во трансакции со странска валута кои произлегуваат од долгорочниот кредит одобрен од Шпанската Влада при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Претпријатието нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во

Република Северна Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Претпријатието е изложено на можните флуктуации на странските валути.

4.1.2. Ризик од промена на цени

Претпријатието не е изложено на ризик од промена на цени на вложувањата расположливи за продажба, затоа што истото нема евидентирано вложувања расположливи за продажба во својата сметководствена евиденција.

4.1.3. Кредитен ризик

Претпријатието е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Претпријатието има значајна концентрација на кредитен ризик со оглед на фактот дека има мал број на купувачи, при што само учеството на купувачот ЈКП Дервен во вкупниот промет од купувачите изнесува 74,84%.

4.1.4. Каматен ризик

Претпријатието се изложува на ризик од промена на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед на фактот дека Претпријатието користи кредит само од Шпанската Влада при што дел од овој кредит е договорен со фиксна а дел со променлива каматна стапка, може да се каже дека сепак постои изложеност спрема ваков вид на ризик.

4.1.5. Ризик од неликвидност

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Претпријатието нема да биде во состојба са своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потреба готовина за сервисирање на своите обврски и Претпријатието нема вакви проблеми со своето работење.

4.1.6. Даночен ризик

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Претпријатието подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесување на даночните биланси за тековната година. Во тековната 2024 година во Претпријатието не е вршена контрола од страна на даночните власти. Сепак, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не можат да се определат со разумна сигурност.

4.1.7. Утврдување на објективна вредност

Претпријатието располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, обврските кон добавувачите и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденување бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност.

4.2. Финансиски инструменти

4.2.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење од сопствени средства (акумулирана добивка и амортизација) и со користење на краткорочни и долгорочни кредити и позајмици со цел да обезбеди соодветен повраток на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември тековна и претходна година е следна:

	Во илјади (000) МКД	
Долгорочна задолженост	**2024**	**2023**
Долгорочни обврски	226.675	247.282
Парични средства и парични еквиваленти	2.991	1.512
Нето обврски	**223.684**	**245.770**
Вкупно капитал и резерви	2.738.569	2.776.396
% на долгорочна задолженост во однос на капиталот	**8,16%**	**8,85%**

Во илјади (000) МКД

Вкупна задолженост	2024	2023
Вкупни обврски (краткорочни и долгорочни)	227.967	247.756
Вкупни средства	2.966.535	3.024.152
% на вкупна задолженост во однос на вкупните средства	**7,68%**	**8,19%**

4.2.2. Ризик од девизни валути

Друштвото не влегува во трансакции во странска валута кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото не е изложено на секојдневни промени на девизните курсеви на странски валути.

4.2.3. Ризик од промена на каматите

Бидејќи Друштвото користи кредити со варијабилни каматни стапки сензитивноста од промената на каматните стапки е:

Во илјади (000) МКД

Финансиски средства	2024	2023
Некаматоносни		
Парични средства	2.991	1.512
Побарувања од купувачи	10.931	8.184
Дадени аванси	-	-
Останати побарувања	42	-
Вложувања расположливи за продажба	-	-
Вкупно	**13.964**	**9.696**
Каматоносни со променлива каматна стапка		
Парични средства на сметки	-	-
Дадени депозити во банки	-	-
Дадени заеми на поврзани друштва	-	-
Вкупно	**-**	**-**
Финансиски обврски		
Некаматоносни		
Обврски кон добавувачи	1.086	361
Останати тековни обврски	206	113
Вкупно	**1.292**	**474**
Каматоносни	**-**	**-**
Обврски по кредити со променлива каматна стапка	226.675	247.282
Обврски по кредити со фиксна каматна стапка	-	-
Вкупно	**226.675**	**247.282**

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување на варијабилните каматните стапки на користените кредити и позајмици за 2% поени. Анализата е направена на салдата на обврски за кредити и позајмици на датумот на билансот на состојба.

Во илјади (000) денари

	Зголемување за 2% поени		Намалувања за 2% поени	
	2024	2023	2024	2023
Земени кредити	(4.534)	(4.946)	4.534	4.946
Дадени кредити	-	-	-	-
Нето ефект	**(4.534)**	**(4.946)**	**4.534**	**4.946**

4.2.4. Ризик од неликвидност

Друштвото е изложено на ризик од неликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврските спрема своите доверители и кредитори. Ваквиот ризик Друштвото го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на друштвото со состојба на 31 декември тековната година според нивната доспеаност.

Во илјади (000) МКД

	Недоспеани	До 30 дена	Од 31 до 90 дена	Од 91 до 180 дена	Од 1 до 3 година	Над 3 години	2024 Вкупно
Парични средства	2.991	-	-	-	-	-	2.991
Побарувања од купувачи	-	2.234	4.540	4.157	-	-	10.931
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	-	-	-	-	-	-	-
Побарувања од вработени	42	-	-	-	-	-	42
Останати побарувања	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно средства	**3.033**	**2.234**	**4.540**	**4.157**	**-**	**-**	**13.964**
Обврски спрема добавувачи во земјата	-	1.080	-	-	-	6	1.086
Обврски за аванси депозити и кауции	-	-	-	-	-	-	-
Обврски по земи и кредити	-	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	206	-	-	-	-	-	206
Вкупно обврски	**206**	**1.080**	**-**	**-**	**-**	**6**	**1.292**

БЕЛЕШКА 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

Во илјади (000) МКД

Приходи од продажба	2024	2023
Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата	26.721	22.319
Вкупно	**26.721**	**22.319**

БЕЛЕШКА 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Во илјади (000) МКД

Останати приходи	2024	2023
Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства	-	71
Приходи од премии, субвенции, дотации и донации	24.040	24.128
Останати приходи од работењето	9	12
Вкупно	**24.049**	**24.211**

Во останати приходи за 2024 година, ЈПВ Лисиче има признаено приходи за примени дотации од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во износ од 20.743 илјади денари, кои всушност ги претставуваат исплатените рати по долгорочниот кредит кон Credito Oficial Шпанија во износ од 20.743 илјади денари од страна на МЗШВ а во име на ЈПВ Лисиче Велес.

БЕЛЕШКА 7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

Во илјади (000) МКД

Трошоци за суровини и материјали	2024	2023
Суровини и материјали (за производство)	173	186
Материјали (за администрација, управа и продажба)	282	269
Енергија (за администрација, управа и продажба)	1.419	1.359
Резервни делови и материјали за одржување (за администрација, управа и продажба)	152	123
Ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба)	81	146
Вкупно	**2.108**	**2.083**

БЕЛЕШКА 8. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

	Во илјади (000) МКД	
Услуги со карактер на материјални трошоци	**2024**	**2023**
Транспортни услуги	386	457
Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	310	321
Услуги за одржување и заштита	2.195	1.697
Комунални услуги	93	91
Останати услуги	349	430
Вкупно	**3.334**	**2.996**

БЕЛЕШКА 9. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади (000) МКД	
Останати трошоци од работењето	**2024**	**2023**
Трошоци за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор, одбор на директори и управители	1.149	1.116
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	87	86
Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	41	39
Останати трошоци на работењето	478	542
Репрезентација	71	42
Осигурување	14	-
Вкупно	**1.839**	**1.825**

БЕЛЕШКА 10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	Во илјади (000) МКД	
Трошоци за вработени	**2024**	**2023**
Останати трошоци за вработените	875	735
Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	20	-
Надоместоци на трошоци на вработените и подароци	175	146
Плата и надоместоци на плата - бруто	17.223	15.454
Вкупно	**18.292**	**16.335**

БЕЛЕШКА 11. АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

	Во илјади (000) МКД	
Амортизација на основни средства	**2024**	**2023**
Трошоци за амортизација на нематеријални средства	66	66
Трошоци за амортизација на материјални средства	62.008	61.973
Вкупно	**62.074**	**62.039**

БЕЛЕШКА 12. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ/ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

	Во илјади (000) МКД	
Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства	**2024**	**2023**
Вредносно усогласување (обезвреднување) на залихи	49	2

Вкупно	**49**	**2**

БЕЛЕШКА 13. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Финансиски расходи	**2024**	**2023**
Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	765	854
Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	136	152
Останати финансиски расходи	0	0
Вкупно	**902**	**1.005**

БЕЛЕШКА 14. ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

	Во илјади (000) МКД	
Добивка/загуба пред оданочување	**2024**	**2023**
Добивка/загуба пред оданочување	(37.827)	(39.755)
Вкупно	**(37.827)**	**(39.755)**

БЕЛЕШКА 15. ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно важечките законски прописи Друштвото пресметува и плаќа данокот на добивка.

	Во илјади (000) МКД	
Пресметка на данок на добивка	**2024**	**2023**
Финансиски резултат од БУ	(37.827)	(39.755)
Непризнати расходи за даночни цели	219	164
Даночна основа	(37.608)	(39.591)
Намалување на даночна основа	-	-
Даночна основа по намалување	-	-
Пресметан данок на добивка (10% x даночна основа)	-	-
Намалување на пресметаниот данок на добивка	-	-
Пресметан данок по намалување	**-**	**-**

БЕЛЕШКА 16. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

	Во илјади (000) МКД	
Нето добивка/загуба	**2024**	**2023**
Нето добивка/загуба	(37.827)	(39.755)
Вкупно	**(37.827)**	**(39.755)**

БЕЛЕШКА 17. ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА

	Во илјади (000) МКД	
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	**2024**	**2023**
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	(37.827)	(39.755)
Вкупно	**(37.827)**	**(39.755)**

БЕЛЕШКА 18. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Софтвер и останати права	Вкупно
Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2024)	**708**	**708**
-директни зголемувања	-	-
-прекнижувања	-	-
-расходи и отуѓувања	-	-
-ревалоризација	-	-
Состојба на НС на 31.12.2024	**708**	**708**
Исправка на НС на 01.01.2024	**(444)**	**(444)**
-амортизација	(66)	(66)
-расходи и отуѓувања	-	-
-ревалоризација	-	-
Состојба на исправката на НС на 31.12.2024	**(510)**	**(510)**
Сегашна вредност на НС на 31.12.2024	**198**	**198**

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Софтвер и останати права	Вкупно
Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2023)	**708**	**708**
-директни зголемувања	-	-
-прекнижувања	-	-
-расходи и отуѓувања	-	-
-ревалоризација	-	-
Состојба на НС на 31.12.2023	**708**	**708**
Исправка на НС на 01.01.2023	**(378)**	**(378)**
-амортизација	(66)	(66)
-расходи и отуѓувања	-	-
-ревалоризација	-	-
Состојба на исправката на НС на 31.12.2023	**(444)**	**(444)**
Сегашна вредност на НС на 31.12.2023	**264**	**264**

БЕЛЕШКА 19. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Материјални средства во подготовка	Вкупно
Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2024)	**3.711.523**	**443.270**	**19.068**	**10.047**	**4.183.907**
-директни зголемувања	366	-	-	-	366
-прекнижувања	-	-	-	-	-
-расходи и отуѓувања	-	-	-	-	-
-ревалоризација	-	-	-	-	-
Состојба на ОС на 31.12.2024	**3.711.889**	**443.270**	**19.068**	**10.047**	**4.184.273**

Исправка на ОС на 01.01.2024	**(839.463)**	**(315.848)**	**(17.459)**		**(1.172.771)**
-амортизација	(40.632)	(21.041)	(335)		(62.008)
-расходи и отуѓувања	-	-	-		-
-ревалоризација	-	-	-		-
Состојба на исправката на ОС на 31.12.2024	**(880.095)**	**(336.889)**	**(17.794)**		**(1.234.779)**
Сегашна вредност на ОС на 31.12.2024	**2.831.794**	**106.380**	**1.274**	**10.047**	**2.949.495**

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Материјални средства во подготовка	Вкупно
Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2023)	**3.711.451**	**442.079**	**20.888**	**10.047**	**4.184.465**
-директни зголемувања	72	1.191	29	-	1.292
-прекнижувања	-	-	-	-	-
-расходи и отуѓувања	-	-	(1.849)	-	(1.849)
-ревалоризација	-	-	-	-	-
Состојба на ОС на 31.12.2023	**3.711.523**	**443.270**	**19.068**	**10.047**	**4.183.908**
Исправка на ОС на 01.01.2023	**(798.833)**	**(294.841)**	**(18.972)**	**-**	**(1.112.646)**
-амортизација	(40.630)	(21.007)	(336)	-	(61.937)
-расходи и отуѓувања	-	-	1.849	-	1.849
-ревалоризација	-	-	-	-	-
Состојба на исправката на ОС на 31.12.2023	**(839.463)**	**(315.848)**	**(17.459)**	**-**	**(1.172.771)**
Сегашна вредност на ОС на 31.12.2023	**2.872.060**	**127.422**	**1.609**	**10.046**	**3.011.137**

БЕЛЕШКА 20. ЗАЛИХИ

Во илјади (000) МКД

Залихи	2024	2023
Залиха на резервни делови	2.879	2.928
Залиха на ситен инвентар, амбалажа и автогуми	-	-
Вкупно	**2.879**	**2.928**

БЕЛЕШКА 21. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Во илјади (000) МКД

Краткорочни побарувања	2024	2023
Побарувања од купувачи	**10.931**	**8.184**
Побарувања од купувачи во земјата	10.931	8.184
Побарувања од државата	**-**	**-**
Данок на додадена вредност	-	-

Побарување од вработени	**42**	**126**
Останати побарувања од вработените	42	126
Вкупно	**10.972**	**8.310**

	Во илјади (000) МКД	
Побарувања од купувачи	**2024**	**2023**
Недоспеани		
Од 0-30 дена	2.234	1.766
Од 31-90 дена	4.540	3.673
Од 91-180 дена	4.157	2.745
До 1 до 3 година	-	-
Над 3 години	-	-
Вкупно	**10.931**	**8.184**

БЕЛЕШКА 22. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади (000) МКД	
Парични средства и парични еквиваленти	**2024**	**2023**
Парични средства на трансакциски сметки во денари	**2.989**	**1.502**
Жиро сметка Комерцијална Банка	211	25
Жиро сметка Централна Кооперативна Банка	2.032	102
Жиро сметка Халк Банка	747	1.375
Парични средства во благајна	**2**	**10**
Главна Благајна	2	10
Вкупно	**2.991**	**1.512**

Од Извештајот за паричните текови даден во финансиските извештаи на страна 7, можи да се види дека Претпријатието има:

	Во илјади (000) МКД	
Паричен тек	**2024**	**2023**
Паричен тек од оперативни активности	22.452	21.468
Паричен тек од инвестициски активности	(366)	(1.291)
Паричен тек од финансиски активности	(20.607)	(20.599)
Нето пораст/намалување на готовината:	**1.479**	**(422)**

БЕЛЕШКА 23. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

	Во илјади (000) МКД	
Главнина и резерви	**2024**	**2023**
Основна главнина запишан и уплатен капитал	2.932.869	2.932.869
Задржана (акумулирана) добивка од претходни години	233.772	273.527
Пренесена загуба од претходни години	(390.245)	(390.245)
Загуба за тековната година	(37.827)	(39.755)
Вкупно	**2.738.569**	**2.776.396**

Извештајот за промените во главнината и резервите е прикажан во финансиските извештаи на страна 6.

БЕЛЕШКА 24. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

	Во илјади (000) МКД	
Долгорочни обврски	**2024**	**2023**
Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство	226.675	247.282
Вкупно	**226.675**	**247.282**

Долгорочните обврски по основ на кредити се однесуваат на долгорочен кредит од странство односно од Instituto de Credito Oficial - Шпанија. Овој кредит е земен врз основа на Закон за задолжување на Владата на Република Македонија кај Кралството Шпанија во вкупен износ од 9.814 илјади евра. Согласно Законот за задолжување (Сл. Весник на РМ бр. 32/2002) и договорот за кредит, 70% од кредитот во износ од 6.870 илјади евра е со рок на отплата од 31 година со грејс период од 11 години и 0,3% каматна стапка на годишно ниво. Остатокот на кредитот во износ од 2.944 илјади евра е со рок на отплата од седум години и со грејс период од 2,5 години со варијабилна каматна стапка – ЕУРИБОР. На износот на кредитот се плаќа еднократна провизија за раководење со кредитот од 0,15% за делот од кредитот со рок на отплата од 31 година, односно 0,4% за делот од кредитот со рок на отплата од седум години.

Согласно член 5 од Законот за задолжување на Владата на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 32/2002), кредитот ќе се отплаќа од приходите што ги остварува ЈПВ Лисиче. Доколку пристигнатите ануитети во рокови утврдени со договорот во името на крајниот корисник ги плати Република Северна Македонија, министерот за финансии по истекот на 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог до деловната банка каде што крајниот корисник има денарска сметка за пренос на парични средства од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

Согласно Договорот број 07-63/1 од 18.03.2004 година и 07-158/1 од 28.05.2004 година краен корисник на кредитот е ЈПВ Лисиче. До ставање во функција на ХС Лисиче, средствата за плаќање на каматата, еднократната провизија за управување со кредитот и евентуалната казнена камата, ќе бидат обезбедени од буџетот на Република Северна Македонија. По ставање во функција на ХС Лисиче средства за плаќање по сите основи во врска со кредитот, ќе бидат обезбедени од страна на ЈПВ Лисиче Велес.

Бидејќи Претпријатието не е во состојба со своите средства да го отплаќа кредитот, обврската за отплаќање на кредитот (од 2005 година) ја превзема Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија согласно Договорот за искористување на кредитот од Кралството Шпанија.

Владата на Република Северна Македонија со Одлука број 41-436/5 од 16.01.2024 година и дава согласност на Годишната инвестициона програма на ЈПВ Лисиче Велес за 2024 година. Согласно Годишната инвестициона програма на ЈПВ Лисиче Велес (објавена во Сл. Весник на РСМ бр. 15/2024) за 2024 година, во која се предвидени средства за работење на Претпријатието како и извори на средства (приходи) за покривање на трошоците, се наведува меѓу другото дека бидејќи ЈПВ Лисиче не остварува доволно сопствени приходи за да може самото да ги отплаќа ануитетите по кредитот, истото го врши МЗШВ на Република Македонија согласно Договорот за искористување на кредитот од Кралството Шпанија. Обврските за плаќање на ануитетите и каматите по реализираниот шпански кредит се отплаќаат од Буџетот на РМ и спаѓаат во раздел 14001 на МЗШВ, во програмата 6 – Водостопанство, потпрограмите 6Б – Хидросистем Лисиче. За оваа намена предвидени се средства во вкупен износ од 23.970 илјади денари од кои 765 илјади денари за ставка 451 – Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори, 2.500 илјади денари за ставка 464 – субвенции и трансфери и 20.743 илјади денари за ставка 491 – Отплата на главнина кон нерезидентни кредитори, при што истите Претпријатието ги има искажано како приходи од Буџетот на РСМ. Тие претставуваат составен дел од Годишната инвестициона програма за 2024 година во делот на извори на средства (приходи), за кој Владата на РСМ има дадено своја согласност.

БЕЛЕШКА 25. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Во илјади (000) МКД	
Тековни обврски	**2024**	**2023**
Обврски спрема добавувачи	**1.086**	**361**
Обврски спрема добавувачи во земјата	1.086	361
Тековни даночни обврски	**57**	**51**

Останати краткорочни обврски	**149**	**61**
Обврски за останати даноци, придонеси и други давачки	-	0
Обврски за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор, одбор на директори и управители	149	61
Вкупно	**1.291**	**474**

Во илјади (000) МКД

Обврски спрема добавувачи	**2024**	**2023**
Недоспеани		
Од 0-30 дена	1.080	355
Од 31-90 дена	-	-
Од 91-180 дена	-	-
Од 1 до 3 година	-	-
Над 3 години	6	6
Вкупно	**1.086**	**361**

БЕЛЕШКА 26. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

26.1. Дадени хипотеки на свој имот

Со состојба 31 декември 2024 година Ппретпријатието нема дадени хипотеки на својот имот.

26.2. Судски спорови

Со состојба 31 декември 2024 година Претпријатието има два активни судски спора за кои не може да се утврди исходот и износот на спорот. Едната постапка е од 2022 година и е поднесена тужба до Управниот суд на РСМ против Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работни односи а се однесува за издадената Дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање УП 11/5-10/22. Другата судска постапка е за поднесена кривична пријава за која сеуште нема одлука од страна на обвинителството.

26.3. Гаранции

Во текот на 2024 година Претпријатието не користи банкарски гаранции.

БЕЛЕШКА 27. ЈАВНИ НАБАВКИ

Сите јавни набавки во 2024 година Претпријатието ги вршело во согласност со Законот за јавни набавки и сите други позитивни законски прописи. За потребите на јавните набавки Претпријатието има изготвено Годишен план за јавни набавки за 2024 година, којшто беше доставен до Управниот одбор на усвојување а истиот соодветно и го усвои со Одлука број 01-37/2 од 26.01.2024 година.

Комисијата за јавни набавки е именувана за секоја јавна набавка посебно со одлуката за јавна набавка. Комисијата за јавни набавки ги спроведува јавните набавки и го предлага најповолниот понудувач во согласност со законите и прописите за јавни набавки, како и во согласност со барањата и препораките од Бирото за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2024 година е донесен на 26.01.2024 година и заведен под број 01-57/2 и истиот содржи вкупно 29 предмети на договори за јавни набавки. Од вкупниот број на Јавни набавки согласно ГПЈН во тековната 2024 година спроведени се 18 јавни набавки, останатите 11 јавни набавки не се спроведени.

БЕЛЕШКА 28. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

По датумот на составување на Извештајот за финансиската состојба не се случиле материјално значајни настани, а кои треба да бидат обелоденети во оваа белешка. За целосно согледување на последователните настани се приложува бруто биланс заклучно со 31.03.2025 година.

За ЈПВ Лисиче Велес

Ванче Маневски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето во согласност со одредбите од ЗТД

Во согласност со член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат Друштвата вклучува Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Годишната сметка и финансиските извештаи кои се однесуваат на иста деловна година и кои се подготвени во согласност со одредбите на Законот и прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на Друштвото за деловната година.

Во согласност со член 477 став 14 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи е должен по завршување на секоја деловна година да изготви и Извештај за работењето на Друштвото за претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка, истата се состои од Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Разлики во начинот на презентирање на ставките во обрасците на Годишната сметка и ставките во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за водење на сметководство не се појавуваат.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работењето се дадени во Додатоците 2 и 3.

Управителот на Друштвото го изготвил и потпишал Годишниот извештај за работењето.

За ЈПВ Лисиче Велес

Ванче Маневски